# Дете правобранител

СЕГА Коалиција на младински организации

## Конвенцијата за правата на децата

Драги ученици! Како што знаете во нашето училиште постои дете правобранител. Ученичките Њомза Мемети, осмо одделение и Зорица Здравковиќ истотака осмо одделение ја имаат улогата на детето правобранител при Основното Училиште Миѓени, Тетово. Додека како нивни заменици се учениците Илир Мемети, Теута Адили и Симона Бишкоска. Тие се секогаш отворени за соработка. Њомза можете да ја најдите во Централниот објект додека Зорица кај објектот во Спортски. За стапување во контакт со нив доволна е да се прати една претставка во пишена форма во која на кратки црти ќе го објасните вашиот проблем. Истото можете да го направите и усно. По приемот на претставката, децата правобранители ќе го разгледат истиот и додолку утврдат дека станува збор за прекршување на одредени права, тогаш во соработка со стручната служба (педагогот и психологот) ќе ги превземат соодветните мерки за разрешување на истите. Децата правобранители како една вистинска екипа работат да го претвораат училиштето во едно побезбедно место за да нивните врсници се чуствуват еднакви и уживаат истите права без разлика на возраста, националноста, религијата, полот и расата.



Конвенцијата за правата на децата е важен документ каде се задавени сите права кои сите деца на светот треба да ги имаат. Во продолжение ќе ги презентираме некои од најосновните права:

**Право на живот:** Со самото раѓање имаш право на живот. Животот е неприкосновен а државата е должна да ти обесбеди безбеден опстанок и развој.

**Право на недискриминација:** Имаш исти права како и другите деца, без оглед од која раса си, дали си машко или женско, на кој јазик зборуваш, на моја вера или етничка заедница припаѓаш, без оглед кои се и што се твоите родители, дали се богати или сиромашни, дали си способно или со некои недостатоци, независно од каде потекнуваш.

**Право на твое учество и мислење:** Имаш право на соптсвено мислење за прашанања што се однесуват на тебе.

**Право на образование:** Имаш право и должност да завршиш основно образование под еднакви услови врз основна на еднакви можности. Основното образование треба да е безплатно. Во училиштата не смееш да бидеш физички и психички малтретиран, но должен си да ги поцитуваш редот и дисциплината. Во училиштето треба да се развијат твоите способности и талент и да се подготвиш за одговорен живот во мир, толераницнја и разбирање.

**Права на посебна заштита:** Секое дете има право на посеба заштита од:

- злоупотреба и запоставување
- вооружени конфликти
- експлоатација за работа која не одговара на возраста
- дрога и алкохол
- продажба, препродавање и киднапирање
- мачење, нечовечко однесување, свирепност или понижувачки постапки или казни

MULTIKULTURA